ЌОР - ЗБОР
**МЕРИ МЛАДЕНОВСКА**



ПОНЕКОГАШ СЕ ПРАШУВАМ - ДАЛИ СУМ МИНИСТЕРКА НА ПРАВДА ИЛИ НА НЕПРАВДА?

ЌОР - ЗБОР
**ДРАГАН ПАВЛОВИЌ - ЛАТАС**



ВЕСТИТЕ НА ТВ СЕ КАКО ЈАДЕЊЕ ЛУБЕНИЦА - ПОСТОЈАНО ЏВАКАТЕ, А ОСВЕН ВОДА НИШТО ДРУГО В УСТА НЕМАТЕ.

## ЛЕЛЕЕЕЕЕ...ЛЕЦ - БОМБИЦИ

- Пред да го искористам правото на слобода на говорот, морам да најдам добар адвокат.
- Не сакам да го прејудицирам победникот, ама тој веќе ја пишува историјата.
- Или ние не пропаѓаме, или дното не постои.
- Човекот е нашето најголемо богатство. И наш најдобар извозен производ.
- Светот мисли дека ние не знаеме што е демократија. И во право е.



МАМООО... СОСЕДОТ ПАК МЕ ФОТОГРАФИРАШЕ!

## ВИЦОТЕКА

Пред еден шалтер во бирото за вработување, во километарскиот ред чека еден тазе отпуштен технолошки вишок и гласно коментира:

- Море, само да се пријавам и право одам кај премиерот да го плукнам за сите лажни ветувања.

- Е, пријателе да знаеш колкав е тому редот, коментира еден од "чекачите" во редот.

**МАКЕДОН**




БРАНКА и МИРО